**Влада на Република Северна Македонија**

Скопје, 22 октомври 2024 година
Бр. 41-9724/7

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП
Примено: 30.10.24
Орг. единица: 0801 | Број: 789/1 | Прилог | Вредност

До
Министерството за образование и наука
Скопје

Во прилог за извршување ви се доставува Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Политички системи" на Правен факултет, при Државен универзитет „Гоце Делчев" во Штип, дадено од Владата на Република Северна Македонија, под бр.41- 9724/6 од 22 октомври 2024 година.

Генерален секретар на Владата
на Република Северна Македонија

Игор Јанушев

Подготвил: Далибор Станојковски, помлад соработник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор

Прилог: 1

Доставено до:
- Агенција за квалитет во високото образование
- Државен универзитет „Гоце Делчев" во Штип


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118022
www.vlada.mk

Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21 и 58/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 октомври 2024 година, дава

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП
Примено: 30 10 24

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 0801 | 799/1 | | |


**РЕШЕНИЕ**

**за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Политички системи" на Правен факултет, при Државен универзитет „Гоце Делчев" во Штип**

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Политички системи" на Правен факултет, при Државен универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По добивање на Решение за акредитација бр.08-423/14 од 30.1.2024 година, од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Правниот факултет, при Државниот универзитет „Гоце Делчев" во Штип, достави барање бр. 0809-182/1 од 9.2.2024 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, заведено под бр. 08-155/1 од 15.2.2024 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Политички системи" на Правен факултет, при Државен универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 08-155/2 од 8.8.2024 година, формираше Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 21.8.2024 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 08 -155/3 од 26.8.2024 година, во кој се констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Политички системи" на Правен факултет, при Државен универзитет „Гоце Делчев" во Штип, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21 и 58/24).

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21 и 58/24), решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб-страницата на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се поведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**Бр. 41-9724/6**
**22 октомври 2024 година**
**Скопје**

**Заменик на претседателот на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**

Подготвил: Далибор Станојковски, помлад соработник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: Игор Јанушев, генерален секретар на Владата